# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 1 јули 2023*

### Прашања кои треба да ѝ се поставаат на црквата

Едноставно сакам да се навратиме на одредени подрачја од црковниот живот на кои, одвреме-навреме, треба да се обрати внимание и, со молитва и сериозност, да се поставаат следниве прашања:

- Дали мојата црква успешно комуницира со светот во 21 век?
- До која мера можеме да се споредиме со новозаветниот модел на црквата?
- Дали работиме, сведочиме, служиме и растеме заедно во согласност со вдахновеното водство? Или е потребно да го смениме правецот за да можеме да останеме верни на она што Бог веќе ни го рекол?
- Дали е потребно да продолжиме да го работиме сето она што го работиме? Ако одговорот е потврден, дали можеме тоа да го работиме уште подобро?
- Дали сме добри во пристапот кон средствата што ни ги доверил Бог? Колку вложуваме и се грижиме за нив?
- Дали е можно Бог да се обидува да ни каже нешто, но ние не слушаме затоа што сме премногу зафатени со она што отсекогаш сме го работеле?

*Сабота, 8 јули 2023*

### Господе, дај ми визија за мојата идна црква! I

Не е невозможно Бог, со помош на визија или сон да ја исполни твојата молитва, како што е сторено во Даниел. Но, додека размислуваш за тоа и ја користиш својата фантазија,

Тој ќе почне да создава слика во твојот ум и страст во твоето срце додека со тебе ги дели своите планови за својата идна црква. Побарај од Него да ги отвори твоите очи за да ги видиш прекрасните работи што Тој ги прави во другите цркви. Можеби нешто што ќе прочиташ во овој текст ќе одигра одредена улога за да се пронајдат вистинските одговори.

Многу е корисно ако своите молитви и тежнеења ги поделиш со други луѓе слични на тебе, и ги поставиш следните прашања за прекрасните планови за својата црква во иднина:

Како изгледа тоа? Дали мојата идна црква расте? Дали е црква само на седмиот ден или на сите седум дена? Што прават верниците едни за други  за своите пријатели, преку седмицата, како и каде тоа го прават? Како изгледа обичното саботно богослужение, или твојата црква нема „обични“ богослуженија? Дали зградата која се користи за богослужение повеќе личи на црква или на центар за активности во општеството? Дали има бина или платформа, клупи или столици, и дали тие изгледаат удобно или неудобно? Што се случува во оваа црква? Дали животите се менуваат? Дали верниците растат?

Каде е центарот на животот на мојата идна црква? Дали е во црковната сала, или во црковниот хол, во свештеничката канцеларија или во домовите на верниците? Дали црквата е насочена кон програмите или кон луѓето? Дали активностите на црквата се одвиваат околу свештеникот, старешината или, пак, сите имаат учество во она што се случува? Каде е Исус? Дали се очекува неверниците да дојдат таму каде што се верниците за да ја „чујат пораката“ или верниците излегуваат за да ги сретнат неверниците таму каде што тие се наоѓаат?

Кој доаѓа во оваа црква? Кои се водачите и проповедниците - дали се тие обучени професионалци или способни лаици? Што се очекува од свештеникот а што се очекува од верни-

ците? Дали повеќето верници се млади, во средни години или се стари? Дали доаѓаат главно верници во црквата или има многу посетители? Како се луѓето облечени кога доаѓаат? Кои свои пријатели нехристијани можам да ги видам во неа? Кој во мојата црква ги преобратува душите кон Христа?

*Сабота, 15 јули 2023*

**Господе, дај ми визија за мојата идна црква! - II**

И оваа сабота себеси си поставуваме прашања на кои треба да одговориме, ако сакаме како црква да напредуваме и да станеме дел од Христовото семејство.

Како изгледа атмосферата кога ќе се состанат верниците на мојата идна црква? Дали е главно радосна и проникната со прославување, или атмосферата е тивка и сериозна? Дали целиот разговор е сериозен или луѓето еден со друг го делат својот живот? На колку јазици се зборува? Можат ли да се чујат детски гласови? Дали музиката е современа или традиционална? Постојат ли оргули и клавир, оркестар или музичка група?

Какво е чувството да се биде дел од мојата идна црква? Дали е возбудливо или здодевно да се биде тука? Дали е црквата формална или неформална, пријателски или непријателски расположена, топла или ладна? Постои ли чувство на слобода или не? Можам ли да бидам она што сум или морам да се „покорам“? Дали ме прифаќаат таков каков што сум? Дали припаѓам? Дали добивам впечаток дека другите луѓе сакаат да бидат дел од оваа црква, или доаѓаат само поради тоа што чувствуваат дека тоа им е должност? Колку е црквата флексибилна? Дали таа лесно или тешко ги донесува промените?

Зошто мојата идна црква постои? Дали верниците го знаат тоа? Дали сме тука во основа еден поради друг или поради луѓето кои сакаме да ги придобиеме за Христа? Ако е во прашање ова последново, што прави црквата за да биде привлечна за сите народи и да има значајно место во општеството?

*Сабота, 22 јули 2023*

**Чирак цел живот**

Кога Исус им наложил на своите ученици да одат и да придобиваат други ученици, кому Тој зборувал и што всушност им зборувал? Се сеќавате ли на опкружувањето? Поминале само четириесет дена од воскреснувањето и било време Тој да се врати на небото. Тој бил подготвен да оди, но што ќе биде со неговите следбеници? Дали тие биле подготвени за она што ги чекало? Се сомневам во тоа? Матеј вели:

„А Единаесетте ученици отидоа во Галилеја, на гората, каде што им беше определил Исус. И штом Го видоа, Му се поклонија, а некои се сомневаа. Тогаш Исус им се приближи и им рече: ‘Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата. Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштевајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сѐ што Сум ви зповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!’“

Единаесеттемина ученици не биле единствените присутни на тој состанок. Налогот бил даден на дванаесеттемина кога Христос се состанал со нив во горната соба, но сега требало да се пренесе на еден поголем број. Сите верници што можеле да бидат повикани, се состанале не еден рид во Галилеја...

Во одредено време околу пет стотини верници се собрале во мали групи на ридот... Многумина кои биле присутни никогаш порано не Го виделе.

Според тоа, налогот на евангелието не бил упатен само до неколкумина, туку до сите верници, вклучувајќи ги и оние кои се сомневале. Но, без разлика дали се работи за членови на внатрешниот круг или верници од мнозинството, едно било заедничко за нив - сите тие биле обични луѓе. Интервју во живо, можеби во „Дневник", би открило дека сите, без исклучок, себеси се гледале како неподготвени и необучени да го работат она што Исус го бара од нив. Во најдобар случај, се гледале себеси како чираци. Нема проблем: така и Исус гледал на нив. Затоа што тие и се тоа - чираци. Ученици.

Ученикот е чирак, некој што следи и го посматра учителот, а потоа го прави она што видел дека учителот прави. Дури и сега, особено во подрачјето на рачните вештини, нововрабoтените можат да останат чираци дури и до пет години пред да добијат одговорност самите да ја работат работата без надгледување. Учењето - чиракувањето - не е само христијански поим. Она што христијанското ученишство го прави единствено е фактот дека тоа е доживотно. Да се биде христијанин вклучува животно чиракување, посветеност на животното учење, развивање и раст. Тоа почнува оној момент кога сме го одбрале Исуса за свој животен Учител, и коешто никогаш не завршува.

*Саботта, 29 јули 2023*

## Потполн раст

Можеби сте чуле за маицата која е приметена на еден политички собир: „Исусе спаси нè... од твоите следбеници." Или

можеби сте слушнале како две девојки го опишуваат своето замислено царство: „Тоа е слично на небото, но подобро е ако таму нема христијани!“ Жално е што христијанството често се смета за неурамнотежено, екстремно, чудно и воопшто не многу пријатно за луѓето, но тоа не треба да нè изненадува. Сепак, според Павле „ние треба да растеме во сè – кон Него, Кој е Глава, Христос“. Да се расте како христијани, значи да растеме за да бидеме слични на Христа, но Тој не бил особеник. Ние сме охрабрени да растеме – во потполност – како што Исус растел, „во мудроста, во растот и во благодатта пред Бога и пред луѓето.“ Со сознанието мора да расте и разбирањето; со мудроста мора да расте и милоста; со даровите мора да се развиваат способностите; со силата мора да расте и понизноста.

Поедноставно речено, посматрајте го животот онака како што го правел тоа Исус. Според Него, сè што Бог некогаш барал од нас покриено е со само два принципа, љубов кон Него и љубов кон ближните. Според тоа, христијанскиот раст може да се сумира во една едноставна реченица: Научи да сакаш.

Христијанскиот советник Лери Краб вели вака:

„Верувам дека успешно може да се докаже дека секој личен проблем во однесувањето кое некој сака да го смени (на пример, лошиот карактер, изопачените сексуални желби, депресијата, загриженоста, прекумерното јадење) настанува исклучиво поради прекршувањето на заповедта која наложува да сакаме.“

Тука лежи предизвикот на христијанскиот раст. „Научи да сакаш“ можеби звучи како убава и едноставна идеја, но таа подразбира длабока внатрешна промена, не само да се работи подобро туку да се биде поинаков.

*Сабота, 5 август 2023*

## Вредностите на мојата црква

Ако вредностите на царството биле важни за Исуса, зар не би требало да бидат подеднакво важни и за нас? Ако Исус видел потреба да ги изговори, зар не би требало и ние да го правиме истото, заради нас самите и заради оние кои бараат крштавање и членство во нашата црква? Па зошто тогаш не го правиме тоа? Зошто не размислуваме за оваа тема на состаноците на црковниот одбор, или со класата на саботната школа или на состанокот на мала група и да се обидеме да се сложиме околу вредностите кои се најважни за животот на нашата црква?

Потоа треба тие вредности да ги учиме како што ги учиме доктрините. Вашиот список може да личи на следниот, но треба да биде скроен така да одговара на вашата црква.

**Обновена црковна заедница: Нашите вредности**

- Исус како центар на нашата порака и мисија;
- Водство и сила преку молитва;
- Секој верник ѝ служи на црквата и заедницата;
- Секој верник расте;
- Меѓусебни односи полни со љубов;
- Автентична заедница која вклучува секого;
- Меѓусебна одговорност;
- Отвореност и искреност.

Кои вредности би сакале да ги обновите во вашиот личен живот и во животот на вашата црква?

*Сабота, 12 август 2023*

## Карактеристики на црква која расте

Накратко размислете за Шварцовите осум карактеристики:

**1. Способно водство**

Луциферовата амбиција е да стекне моќ за себе и да стане како Бог, а Христовата е да ги оспособи сите да станат она за што се создадени. Вистинското христијанско водство, според тоа, треба да им помогне на поединците христијани да го постигнат својот потенцијал како Христови проповедници. Ова е сосема различно од идејата христијанските водачи да ги користат работниците лаици да им помогнат да ги исполнуваат нивните сопствени цели и да водат своја сопствена служба.

**2. Лаичката служба ориентирана кон даровите**

Оваа вредност кажува дека верниците најдобро служат кога служат според духовните дарови што ги добиле, а не само со талентите кои ги имаат или со вештините кои ги развиле. Талентите и вештините се корисни за да се изврши задачата, но само духовните дарови се корисни во делото на менување на животот. Доколку водачите на црквите и одборите ова не го сфатат, тие се во опасност кога ги бираат водачите за служба во црквата да ставаат квадратни затки на округли дупки. Во практична смисла тоа значи, на пример, дека нема никаква смисла во одредувањето некој да биде учител во саботната школа доколку тој нема духовен дар за тоа.

**3. Огнена духовност**

Бог не нè спасува само од чувство на должност, туку затоа што длабоко се грижи за благосостојбата на своите деца. Тој

сака да ја изрази таа загриженост преку својата црква. Според тоа, црквата „тешко може да очекува да доживее раст, сѐ додека нејзините верници не научат практично да ја применат својата вера со заразна воодушевеност и таа вера да ја делат со другите.“

**4. Функционална структура**

Вистинскиот Христов живот и неговата смрт имале многу поголемо влијание и функционалност над промената на животот и помирувањето на луѓето со Бога, отколку старозаветниот церемонијален систем, кој бил претходница на Христа. Од таа причина церемонијалниот закон е укинат на крстот. Исто така, црквите мора да престанат да користат програми кои одамна се застарени и да ги размонтира одборите и одделенијата кои повеќе не служат на својата првобитна намена. Тие мораат да го пренасочат начинот на кој ја користат својата енергија и помошните средства, за да го пренесат Евангелието и за да му служат на општеството на најуспешен и на најефикасен начин.

**5. Вдахновени богослуженија**

Токму како што радосното богослужение ја претставува атмосферата на небото, така духот на богослужението ќе проникнува во онаа црква во која верниците не само што зборуваат за Бога, туку и го доживуваат. Таквото богослужение добро зборува за него и прави обожавањето на Бога да биде привлечно за другите.

*Сабота, 19 август 2023*

## Карактеристики на црквата која расте 2

**6. Комплетни мали групи**

Интересно е што Шварц издвојува една од најважните карактеристики помеѓу овие осум, а тоа е „намножување на малите групи“ и тоа не без причина. Божјата природа ја прониакнува љубов, затоа што Тој постои од вечноста преку интимна заедница на Тројството. На ниво на човечко искуство, Тој најдобро може да ја пренесе својата љубов преку мали групи луѓе чиешто единство го одразува неговото и кои искрено се грижат едни за други.

**7. Евангелизам ориентиран кон потребите**

Преку целата Библија, Бог секогаш е Бог кој го среќава својот народ таму каде што се наоѓа, во моментот кога има потреба. Ист бил и Христовиот пристап на служба, покажувајќи ја неговата грижа во пристапот на различни групации луѓе на различни начини и однесувајќи се кон нив како кон поединци, наместо да користи еден пристап за сите како да се броеви. Евангелието денес докажува дека е најуспешно таму каде што неговата намера е да се обрати на човечката потреба и да одговори на прашањата што луѓето ги поставуваат, наместо да докажува одредени тактички доктрини.

**8. Односи полни со љубов**

Како што забележува Шварц, „слободната, практична љубов има божествено творечка магнетна сила многу појака од евангелската програма, која речиси во потполност зависи од вербалната комуникација.“ Бидејќи се создадени според Божјиот лик, луѓето се создадени и за такви односи. Без нив тие не се во потполност луѓе. Црквите во кои таквите заемни

односи намерно се охрабруваат и се развиваат преку малите групи, природно ќе бидат привлечни и за верниците и за неверниците. Меѓусебните односи, проникнати со љубов, повеќе од што било друго ја прават вистината реална.

*Сабота, 26 август 2023*

## Црква во ќелија

**Седум клучни вредности на црква која расте:**

- **Исус во центарот.** Заедницата и средбата со Исуса е суштината на сè. Само Исус ги менува луѓето.
- **Секој верник во служба.** Секој верник чувствува дека има задача и клучна улога во будењето.
- **Секој верник расте.** Секој ја презема одговорноста за својата лична светост и раст во своето чекорење со Христа.
- **Размножување.** Ширење на Евангелието и стекнување ученици е суштината на ќелијата.
- **Љубов што жртвува.** Исус својата љубов ја покажал преку жртва. Неговата љубов претставува предизвик за сите нас.
- **Заедништво.** Градењето меѓусебни односи, внатре и надвор од ќелијата, создава заедништво.
- **Искреност.** Искреноста е животна сила на заедницата и врата кон христијанскиот раст.

Дали сте дел од црква на која и недостигаат ваквите вредности? Дали можеби во вашиот живот лично ви недостига некоја од овие вредности за кои треба да барате помош и сила од Бога за да ги имате?

„Молете и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете; чукајте и ќе ви се отвори“ (Матеј 7,7).

*Сабота, 2 септември 2023*

## Црквата во Вилоу Крик, Чикаго

Повеќето Адвентисти во Западниот свет слушнале за оваа црква, која инспирирала илјадници други цркви да станат многу поважни за современите луѓе, многу повеќе евангелски насочени и многу повеќе пријателски расположени. И ние можеме нешто да научиме од црквата која има четиринаесет илјади верници и која секоја година крштава преку илјада нови верници. Стариот пастор Бил Хајбелс наведува десет „верувања", кои биле витални за успешна служба на нивната црква:

- **Свето учење.** Веруваме дека светото учење е двигател на промените во животот на поединецот и на црквата.
- **Изгубените се важни.** Веруваме дека изгубените луѓе се важни за Бога и затоа црквата треба да ги смета за важни.
- **Културолошка релевантност.** Веруваме дека црквата треба да биде културолошки релевантна, но едновремено доктринално чиста.
- **Автентичност.** Веруваме дека Христовите следбеници треба да покажат автентичност и да тежнеат кон постојан раст.
- **Служба заснована на дарови.** Веруваме дека црквата треба да работи како единствена заедница во која приврзаниците ги користат своите духовни дарови.
- **Односи полни со љубов.** Веруваме дека односите полни со љубов треба да никнуваат во секој дел од животот на црквата.
- **Работа во мали групи.** Веруваме дека промената на животот најдобро се случува во мали групи.
- **Извонредност.** Веруваме дека извонредноста го прославува Бога и ги вдахнува луѓето.

**- Надарено водство.** Веруваме дека со црквата треба да управуваат оние кои имаат дарба за водство.

**- Потполно посветени следбеници.** Веруваме дека потполната преданост, посветеност и лојалност кон Христа и неговото дело е нормална реалност за секој верник.

*Сабота, 9 септември 2023*

## Пријателство

- 80% од мажите изјавиле дека немаат близок пријател.
- 47 % од жените изјавиле дека немаат блиска пријателка.

### Потреба за пријателство

Самотијата е најголемата епидемија на денешното општество; Многу успешни и познати луѓе во светот изјавиле дека се чувствуваат многу осамени; Употребата на дрога и алкохол доаѓа како последица на осаменоста.

Разводите и вонбрачните врски исто така се последица на осаменоста; луѓето сакаат да бидат сакани и многумина се чувствуваат осамени само затоа што не ја чувствуваат таа љубов и приврзаност на пријателството.

### Природата на пријателството

Вистинските пријатели се прифаќаат едни со други онакви какви што се.

Вистинските пријатели се прифаќаат едни со други доброволно, без обврски и без одговорност.

Да се има пријател значи да се има некој кој те познава и кој не сака да манипулира со тебе.

Вистинското пријателство е безусловно.

Пријателството треба да се негува

Вистинското пријателство простува.
Искрено е
Прифаќа
Способно е за успешно комуницирање
Не критикува
Не потценува

Дали си вистински пријател, каков што Бог те повикува да бидеш?

*Сабота, 16 септември 2023*

**Зошто луѓето се придружуваат на црквата?**

Американскиот институт за раст на црквата неодамна спровел анкета меѓу повеќе од 10.000 верници на разни цркви прашувајќи ги: „Што е тоа што направи да решите да го прифатите Исуса Христа и да се придружите на црквата?“ Еве како одговориле:

1. Имав посебни потреби 2%
2. Едноставно се приклучив кон црквата 3%
3. Ми се допаѓа работата на пасторот 6%
4. Ја посетував таа црква 1%
5. Ја сакам Саботната школа 5%
6. Го посетував семинарот „Разбуди се“ 0,5%
7. Ми се допаѓаат црковните програми 3%
8. Ме покани пријател или роднина 79%.

Луѓето доаѓаат кај Исуса...
- поради лични потреби;
- преку своите пријатели

Дали и ти би сакал да ги препознаеш потребите на своите пријатели и да ги повикаш во црква?

*Сабота, 23 септември 2023*

## Делење на неволјите

Ако сакаме некому да му бидеме пријател, мораме да бидеме готови да ги разбереме неговите проблеми и неволји.

Пред неколку години во Оклахома Сити се слушнало чкрипење на трамвајските кочници, а потоа и гласот на еден човек што почнал силно да вика од болка. Мноштво луѓе се собрале да видат што се случило. Виделе човек заробен под трамвајот. „Извлечете ме! Извлечете ме одовде“, молел, „Многу ме боли! Ве молам, помогнете ми!“

Дошол еден полицаец и преку радиото повикал брза помош. Стигнала екипата на брзата помош.

„Не можеме да го извлечеме“, рекол еден меѓу луѓето, кои неколку минути се обидувале да го подигнат трамвајот. „Потребна ни е тешка опрема на која ќе ѝ биде потребно најмалку половина час да стигне овде“.

„Не! Не“, лелекал човекот, „не можам да издржам половина час со овие болки.

„Мора да издржите“, му рекол полицаецот.

„Не можам! Нека ми помогне некој“, викал несреќниот човек.

Сирените завивале, како и гласот на повредениот, но ништо не можело да се стори без опремата која ќе може да го ослободи.

Тогаш од толпата насобрани луѓе изглегол еден човек, се вовлекол под трамвајот и легнал покрај преплашениот човек. Ја ставил раката околу него и почнал тивко да му зборува: „Сè е во ред. Јас сум овде за да ти помогнам. Помошта пристигнува. Знам дека многу те боли, но заедно ќе успееме“.

Човекот полека престанал да вика и да лелека. Ги отворил очите и го погледнал странецот кој лежел покрај него. „Ти благодарам, пријателе“, рекол.

Странецот 30 минути лежел покрај заробениот човек, го гледал и тивко му зборувал, а потоа се слушнал извикот: „Доаѓа. Опремата стигна!“ Сите аплаудирале. За неколку минути, со помош на опремата го подигнале трамвајот што го приклештил несреќниот човек.“

Пожртвуваниот човек што лежел покрај него тивко исчезнал среде метежот.

Човекот што помогнал, бил обична личност, но неговото дело на пријателство било несекојдневно и возвишено.

Има ли некој ваш пријател во неволја кому можете денес да му помогнете?

*Сабота, 30 септември 2023*

**Препознавање на потребите на пријателите**

Луѓето имаат различни потреби. Исус во својата работа со луѓето најнапред се обидувал да ги задоволи нивните физички и психички потреби, а потоа нивните духовни потреби. Тој ја имал најуспешната метода за придобивање на луѓето. Се дружел со нив, ја покажувал својата заинтересираност, ги задоволувал нивните потреби и така ја придобивал нивната доверба. Дури потоа ги повикувал: „Врви по мене“.

Ако сакаме да имаме резултати во нашата божествена мисија на спасување на луѓето, треба да ја следиме Христовата метода на работа – да им помагаме на луѓето.

Бидете достапни. Животот е груб. Насекаде околу нас има луѓе што се повредени. Луѓето денес се под постојан притисок. Браковите се распаѓаат, децата имаат свои проблеми. Секаде каде што гледаме болест, смрт, финансиски тешкотии - сето тоа влијае на секој дом и на секое семејство. Секоја од овие ситуации претставува идеална можност да се покаже

Божјата љубов кон другите со кажување на вистината - „На луѓето не им е грижа колку знаете, сè додека не дознаат колку се грижите за нив“.

Бог ќе создаде златни можности ако му се ставиме на располагање. Грижа за децата, задоволување на домашните потреби (на пример, подготвување оброци, обезбедување превоз итн.) Кога луѓето се повредени, ќе се отворат можности и тие ќе видат колку се грижите за нив.

Бидете достапни, чувствителни, дарежливи и грижливи.

Кога сте повредени, оставете ги другите да ви помогнат.

Често ова исто така ќе ја отвори вратата за радосната вест на Евангелието.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**МИСИОНСКИ СТИХОВИ**

**Трето тримесечје**
**3/2023**

**Издава:**
*Одделение за саботна школа при*
*Христијанската адвентистичка*
*црква во Република Македонија*

**Подготовка и графичко уредување:**
*Мелита Томовска*

**Коригирал:**
*Томе Трајков*

**Одговара:**
*Томе Трајков*

**Адреса на редакцијата:**
*Ул. Влае 42, 1000 Скопје*

**Тел/факс: +389 2 20 48 038**
**E-mail: tometrajkov@gmail.com**
**www. adventisti.org.mk**

**За интерна употреба**